# Кои се критериумите за учество во Младинските демократски проекти?

## Критериуми за учество

| | |
|---|---|
| **Соодветни промотори** | Секој промотер мора да биде:<br>▪ непрофитна/невладина организација; или<br>▪ локално, регионално јавно тело; или<br>▪ неформална група на млади луѓее (Потсетник: доколку станува збор за неформална група, еден од членовите на групата презема улога на претставник и ја презема одговорноста во име на групата).<br><br>Секој промотор мора да биде од Програмската земја и мора да го потпише Прелиминарниот договор кој е составен дел од формуларот за апликација. |
| **Број на промотори** | Промотори од најмалку 2 различни Програмски земји , од кои еден од Македонија и најмалку еден од земја на ЕУ. Мора да има минимум 2 промотори од секоја земја која е вклучена во проектот. Промоторите мора да бидат независни (погледнете подолу). |
| **Соодветни учесници** | **Млади учесници:** млади луѓе на возраст меѓу 13 и 30 години кои имаат законски престој во Програмска земја.<br><br>**Носители на одлуки / експерти**: Ако проектот предвидува учество на носители на одлуки или експерти во полето на учество во демократскиот живот и демократските институции, вакви учесници може да бидат вклучени без разлика на возраста или географското потекло. |
| **Број на учесници** | Проектот мора да вклучува најмалку 16 млади учесници. |
| **Место(а) на активноста** | Активноста мора да се одвива во државата (државите) на еден или повеќе промотори. |
| **Времетраење на проектот** | Помеѓу 3 и 18 месеци. |
| **Времетраење на активноста** | Нема специфично времетраење на активноста. |
| **Програма за активноста** | Детален дневен временски распоред на активноста мора да биде даден во прилог на формуларот на апликацијата. |
| **Кој може да аплицира?** | Промотор што сака да аплицира мора да биде законски основан во Република Македонија.<br><br>Промотор што е домаќин на активноста – или еден од промоторите што е домаќин на дел од активноста – ја презема улогата на координатор и аплицира до својата Национална Агенција за целиот проект во име на сите промотори.<br><br>Во случај на неформална група, еден од членовите на групата ја презема улогата на претставник и ја презема одговорноста за поднесување на апликација до својата Национална Агенција и потпишување на договорот за грант во име на групата. |
| **Кога се аплицира?** | Проектот мора да биде поднесен  до крајниот рок за аплицирање, кој одговара на датумот на отпочнување на проектот (упатете се на Дел 3 од Повикот за предлози). |

| | |
|---|---|
| **Како се аплицира?** | Апликацијата мора да биде претставена согласно на начините за аплицирање, како што е опишано во Делот 13 од Повикот за предлози. |
| **Други критериуми** | **Заштита и безбедност на младите учесници:**<br>Промоторот мора да гарантира дека се предвидени соодветни мерки за да се осигура безбедноста и заштитата на младите учесници директно вклучени во проектот. |